4. Ankesa e paraqitur kundër këtij Aktvendimi nuk e vonon ekzekutueshmërinë e tij.

5. Ky Aktvendim do të botohet në „Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut“.

PA 1 Numër 10-41
19.4.2024
Shkup

Komisioni i Letrave me Vlerë i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Kryetare,
Mr. Sc. **Nora Aliti,** d.v.

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

**1879.**

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ НА ЖИВИ ЖИВОТНИ, ПРОИЗВОДИ И НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА ВИСОКОПАТОГЕНА АВИЈАРНА ИНФЛУЕНЦА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПО ПОТЕКЛО ОД РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА**

Член 1

Во Решението за забрана на увоз на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на високопатогена авијарна инфлуенца во Република Северна Македонија по потекло од Република Бугарија („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 45/21, 275/21, 118/22, 141/22, 241/22, 286/23, 27/24 и 47/24), во членот 1 став (1) по алинејата 1 се додава нова алинеја 2 која гласи:

„ - Карџали/Kardzhali,“.

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-1063/1
25 април 2024 година
Скопје

Агенција за храна и ветеринарство
в.д. Директор,
**Николче Бабовски,** с.р.

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

**1880.**

Врз основа на член 158-ѕ став (1) а во врска со член 28 од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр.27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 88/05, 79/07, 08/08, 88/08, 56/09, 67/10, 44/11, 88/13, 43/14, 12/14, 153/15, 192/15, 23/16, 83/2018 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.101/19, 31/20 и 173/2022), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на седница одржана на ден 22.4.2024 година донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОР И ОЦЕНКА НА СООДВЕТНОСТА НА ЧЛЕН НА НАДЗОРЕН ОРГАН НА ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ ДО АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ**

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот и постапката на спроведување на избор и оценка на соодветноста на член на Надзорен одбор и неизвршен член на Одбор на директори (во натамошниот текст: член на надзорен орган) на друштво за осигурување од аспект на исполнување на условите за вршење на функцијата член на надзорен орган на друштво за осигурување пропишани со Законот за супервизија на осигурување, Законот за трговските друштва, овој правилник и останатите прописи како и начинот и постапката на известување за извршената оценка и избор на член на надзорниот орган до Агенцијата за супервизија на осигурување (во понатамошниот текст: Агенцијата).

II. ПОЛИТИКА ЗА ИЗБОР И ОЦЕНКА НА СООДВЕТНОСТА НА ЧЛЕН НА НАДЗОРЕН ОРГАН НА ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

Член 2

(1) Друштвото за осигурување е должно да донесе и да применува политика за избор и оценка на соодветноста на член на надзорен орган на друштво за осигурување од аспект на исполнување на условите за вршење на функцијата член на надзорен орган во друштвото за осигурување пропишани со Законот за супервизија на осигурување, Законот за трговските друштва, овој правилник и останатите прописи.

(2) Со политиката за избор и оценка од ставот (1) а овој член детално се пропишуваат:

1. условите за вршење на функцијата член на надзорен орган во друштвото за осигурување, вклучувајќи ја надлежноста на членовите, нивните стручни квалификации, знаење и искуство пропишани со Законот за супервизија на осигурување, Законот за трговските друштва, овој правилник и останатите прописи, притоа водејќи сметка надзорниот орган на друштвото колективно да поседува соодветни квалификации, знаење и искуство поврзано со:

- пазарите на осигурување и финансиските пазари;
- деловната стратегија и бизнис моделите;
- систем на управување;
- финансиска и актуарска анализа;
- регуаторна рамка и регулаторни барања.

2. условите за избор односно именување
на независен член на надзорниот орган како и постапка за утврдување на исполнетоста на условот дека најмалку 1/3 од членовите на надзорниот орган се независни членови на надзорниот орган;

3. ситуациите и околностите кои се или може да претставуваат судир на интерес, мерките за отстранување на судир на интерес како и мерките за управување и намалување на потенцијален судир на интерес вклучувајќи и идентификување на трансакции врз основа на кои членот на надзорен орган или со него поврзани лица, директно или индиректно, се стекнале со акции или удели во некое правно лице врз основа на што учеството на членот на надзорниот орган заедно со него поврзаните лица го надминало нивото на квалификувано учество во тоа правно лице како и во случај неговото учество да се намалило под нивото на квалификувано учество во тоа правно лице;

4. плановите, политиките и процедурите на друштвото за осигурување за постапување во случај на ненадејно и неочекувано отсуство или заминување односно престанок на вршење на функцијата член на надзорен орган;

5. лицето односно организационата единица во друштвото за осигурување која е одговорна за спроведување на оценка на исполнувањето на условите за вршење на функцијата член на надзорен орган во друштвото за осигурување;

6. постапката за оценка на исполнувањето на условите за вршење на функцијата член на надзорен орган во друштвото за осигурување вклучувајќи рокови за достава на документација, рокови и начин за спроведување на постапката на оценка и известување за резултатите од спроведената оценка;

7. информации и документација која кандидатот за член на надзорен орган во друштвото за осигурување пред негово назначување треба да ја достави до друштвото за осигурување за спроведување на оценка на исполнувањето на условите за вршење на функцијата член на надзорен орган во друштвото за осигурување;

8. информации и документација која членот на надзорен орган во времетраењето на извршувањето на функцијата треба да ја доставува до друштвото за осигурување за спроведување на оценка на исполнувањето на условите за вршење на функцијата член на надзорен орган во друштвото за осигурување;

9. ситуациите и околностите кои претставуваат основа за спроведување на вонредна оценка на исполнувањето на условите за вршење на функцијата член на надзорен орган;

10. формата и начинот на чување на документацијата за спроведената оценка;

11. начин и рок за известување на Агенцијата.

(3) Друштвото за осигурување е должно до Агенцијата да ја достави политиката за избор и оценка од ставот (1) од овој член, како при нејзино донесување така и во случај на нејзина измена, во рок од 5 дена од денот на донесувањето односно измената.

## III. ПОСТАПКА НА ОЦЕНКА НА СООДВЕТНОСТА НА КАНДИДАТ ЗА ЧЛЕН И ЧЛЕН НА НАДЗОРЕН ОРГАН

Член 3

(1) Друштвото за осигурување е должно да спроведе постапка на оценка на исполнување на условите за вршење на функцијата член на надзорен орган во друштвото за осигурување пропишани со политиката за избор и оценка од член 2 став (1) од овој правилник и останатите интерни акти на друштвото, Законот за супервизија на осигурување, Законот за трговските друштва, овој правилник и останатите прописи.

(2) Оценката од ставот (1) на овој член се прави:

1. пред секој избор односно именување на нов член на надзорниот орган;

2. пред повторен избор односно именување на постоен член на надзорниот орган;

3. редовна годишна оценка;

4. вонредна оценка секогаш кога ќе настапат околности кои го доведуваат во сомневање исполнувањето на условите за вршење на функцијата член на надзорниот орган во друштвото за осигурување.

### **Оценка на соодветноста на член на надзорен орган пред донесување на одлука за избор односно именување на член на надзорниот орган**

Член 4

(1) Друштвото за осигурување е должно пред донесување на одлука за избор односно именување на член на надзорниот орган на друштвото за осигурување од страна на собранието на акционери на друштвото, да спроведе постапка на оценка на соодветноста на кандидатот предложен за член на надзорниот орган од аспект на исполнување на условите за вршење на функцијата член на надзорен орган во друштвото за осигурување пропишани со политиката за избор и оценка од член 2 став (1) од овој правилник и останатите интерните акти на друштвото, Законот за супервизија на осигурување, Законот за трговските друштва, овој правилник и останатите прописи, за секој кандидат за член на надзорен орган поединечно.

(2) Друштвото за осигурување е должно при спроведување на оценката од став (1) од овој член да ја подготви, обезбеди и земе во предвид најмалку следната документација:

1. предлог - одлука на собранието на акционери на друштвото за осигурување за избор односно именување на предложениот член на надзорен орган;

2. податоци (име и презиме, датум и место на раѓање, адреса на живеење, матичен број и број на лична карта) на предложениот член на надзорен орган, преземени од личната карта, односно копија од пасошот на предложениот член на надзорен орган (странско физичко лице) како и податоци за контакт со лицето (телефон и електронска адреса);

3. кратка биографија за лицето (cv);

4. нотарски заверена изјава на лицето предложено за член на надзорен орган, дека не е член на орган на управување, надзорен орган или прокурист во друго друштво за осигурување или друга финансиска институција со седиште во Република Северна Македонија;

5. потврда/информација од Централен регистар на Република Северна Македонија, за тоа каде лицето предложено за член на надзорен орган е член на орган на управување, надзорен орган, прокурист или лице со посебни права и одговорности во други правни лица со седиште во Република Северна Македонија;

6. потврда од Централен регистар на Република Северна Македонија дека против лицето нема изречена прекршочна санкција или казна забрана за вршење професија, дејност или должност, во областа на осигурувањето и финансиите;

7. потврда од казнена евиденција на надлежен суд дека физичкото лице не е осудено со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци за кривични дела против имотот, кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривични дела против службената должност, како и кривични дела фалсификување исправи, компјутерски фалсификат, употреба на исправа со невистинита содржина и надриписарство од Кривичниот законик, се додека траат правните последици на пресудата;

8. нотарски заверена изјава на лицето предложено за член на надзорниот орган, дека не извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во друштво за осигурување или друго правно лице во кое била воведена посебна управа или над кое е отворена стечајна или ликвидациона постапка;

9. нотарски заверена изјава на лицето предложено за член на надзорниот орган, дека не е поврзано лице со правно лице, во кое друштвото за осигурување директно или индиректно поседува сопственост на повеќе од 10% од капиталот или правата на глас во тоа правно лице;

10. потврда од Централен депозитар за хартии од вредност на Република Северна Македонија за тоа каде лицето предложено за член на надзорниот орган поседува акции во други правни лица;

11. информација од Централен регистар на Република Северна Македонија, за тоа каде лицето предложено за член на надзорниот орган поседува удели во други правни лица;

12. нотарски заверена изјава на лицето предложено за член на надзорниот орган, дека не работело спротивно на одредбите од Законот за спречување перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам;

13. копија од актот, доколку таков акт е издаден, на надлежен орган за супервизија на друштва за осигурување, банки или други небанкарски институции со кој на предложеното лице за член на надзорен орган му била издадена согласност за член на орган на друштво за осигурување, банка или друга небанкарска финансиска институција. Во случај кога надлежниот странски орган за супервизија не издава формална согласност, во барањето треба да се наведе оваа околност;

14. нотарски заверена изјава на лицето кое е предложено за независен член на надзорниот орган на друштвото за осигурување, дека лицето односно член на неговото потесното семејство: (1) во последните пет години немало материјален интерес или деловен однос со друштвото, директно, како деловен партнер, како член на орган на управување, орган на надзор или како раководно лице (2) нема блиски семејни врски со некој од членовите на органите на управување, органот на надзор или од раководните лица на друштвото и (3) не е акционер кој поседува повеќе од една десетина од акциите на друштвото или не застапува акционер кој поседува повеќе од една десетина од акциите на друштвото;

15. потврда од друштвото за осигурување дека лицето кое е предложено за независен член на надзорниот орган и физичките лица поврзани со него:

- не се вработени во друштвото;
- во последните пет години пред датумот на поднесување на барањето немале материјален интерес или деловен однос со друштвото, директно, како деловен партнер, како член на орган на управување, орган на надзор или како раководно лице.
- не се акционери во друштвото или не застапуваат акционер кој поседува повеќе од една десетина од акциите на друштвото.

(3) За извршената оценка на соодветноста на кандидатот предложен за член на надзорниот орган, друштвото за осигурување е должно да изготви резиме од спроведената оценка со мислење дали кандидатот ги исполнува условите за член на надзорен орган пропишани со политиката за избор и оценка од член 2 став (1) од овој правилник и останатите интерните акти на друштвото, Законот за супервизија на осигурување, Законот за трговските друштва, овој правилник и останатите прописи.

(4) Друштвото за осигурување е должно да ја извести Агенцијата за извршената оценка на соодветноста на кандидатот предложен за член на надзорниот орган на друштвото најдоцна 5 дена пред датумот на одржување на седница на собранието на акционери на друштвото на која ќе се одлучува за избор односно именување на членот на надзорен одбор.

(5) Кон известувањето од ставот (3) на овој член, друштвото за осигурување е должно до Агенцијата да ја документацијата од став (2) и резимето од став (3) од овој член.

**Редовна (континуирана) оценка на исполнување на условите за вршење на функцијата член на надзорен орган**

Член 5

(1) Друштвото за осигурување е должно да обезбеди членовите на надзорниот орган на друштвото за осигурување во континуитет да ги исполнуваат условите за вршење на функцијата член на надзорен орган во друштвото за осигурување пропишани со политиката за избор и оценка од член 2 став (1) од овој правилник и останатите интерни акти на друштвото, Законот за супервизија на осигурување, Законот за трговските друштва, овој правилник и останатите прописи.

(2) Друштвото за осигурување е должно најмалку еднаш годишно, најдоцна до 30 април во тековната година, да спроведе постапка на редовна годишна оценка на соодветноста на членовите на надзорен орган од аспект на исполнување на условите за вршење на функцијата член на надзорен орган, со цел да утврди дали членовите на надзорниот орган во континуитет ги исполнуваат условите за вршење на функцијата член на надзорен орган во друштвото за осигурување пропишани со политиката за избор и оценка од член 2 став (1) од овој правилник и останатите интерни акти на друштвото, Законот за супервизија на осигурување, Законот за трговските друштва, овој правилник и останатите прописи, за секој кандидат за член на надзорен орган поединечно.

(3) Друштвото за осигурување е должно при спроведување на оценката од став (1) од овој член да ја подготви, обезбеди и земе во предвид најмалку документацијата предвидена во членот 4 став (2) точки 6, 7 и 9 од овој правилник.

(4) За извршената оценка на соодветноста на членот на надзорниот орган, друштвото за осигурување е должно да изготви резиме од спроведената оценка со мислење дали во континуитет ги исполнува условите за член на надзорен орган пропишани со политиката за избор и оценка од член 2 став (1) од овој правилник и останатите интерните акти на друштвото, Законот за супервизија на осигурување, Законот за трговските друштва, овој правилник и останатите прописи.

(5) Друштвото за осигурување е должно да ја извести Агенцијата за спроведената редовна годишна оценка на соодветноста на членот на надзорен орган од аспект на исполнување на условите за вршење на функцијата член на надзорен орган, најдоцна во рок од 5 работни дена од денот на извршената оценка при што кон известувањето ќе ја достави документацијата предвидена во став (3) од овој член и резимето од став (4) од овој член.

**Вонредна оценка на исполнување на условите за вршење на функцијата член на надзорен орган**

Член 6

(1) Друштвото за осигурување е должно веднаш без одлагање да спроведе постапка на вонредна оценка на соодветноста на исполнување на условите за вршење на функцијата член на надзорен орган во случај на настапување на околности кои го доведуваат во сомнева-

ње исполнувањето на условите за вршење на функцијата член на надзорен орган во друштвото за осигурување пропишани со политиката за избор и оценка од член 2 став (1) од овој правилник и останатите интерни акти на друштвото, Законот за супервизија на осигурување, Законот за трговските друштва, овој правилник и останатите прописи, вклучувајќи и случаи кога членот на надзорен орган има судир на интерес со кој не може да се управува како и во случаи кога на членот на надзорен орган му се менува опсегот на доделени работи, задачи и/или надлежности.

(2) Друштвото за осигурување е должно да ја извести Агенцијата за причините за спроведената вонредна оценка на соодветноста на членот на надзорен орган од аспект на исполнување на условите за вршење на функцијата член на надзорен орган, најдоцна во рок од 5 работни дена од денот на извршената оценка при што кон известувањето ќе достави резиме од спроведената оценка со мислење за соодветноста на кандидатот од аспект на исполнување на условите за член на надзорен орган предвидени во Законот за супервизија на осигурување.

**Документација**

Член 7

(1) Потврдите кои се дел од документацијата која е предмет на оценка согласно со членот 4 став (1) од овој правилник треба да бидат во оригинал или копија заверена кај овластено лице (нотар), потпишани од овластено лице или од соодветниот надлежен орган, без дополнителни исправки и на македонски јазик. Доколку потврдата што треба да се достави е на друг јазик, заедно со оригиналот се доставува и превод на македонски јазик, преведен од овластен преведувач и заверен кај нотар.

(2) Изјавите кои се дел од документацијата која е предмет на оценката согласно со членот 3 став (1) од овој правилник треба да бидат заверени кај овластено лице (нотар).

(3) Потврдите и изјавите од став (1) и (2) на овој член не смеат да бидат постари од три (3) месеци пред денот на спроведување на оценката.

(4) Доколку лицето кое е предмет на оценка е странско лице, потврдите кои се дел од документацијата која е предмет на оценката согласно со членот 3 став (1) од овој правилник, покрај од органи и институции од Република Северна Македонија, се прибавуваат и од соодветни органи и институции од земјата од која доаѓа странското лице.

(5) Доколку законодавството на земјата од која доаѓа странското лице поинаку ја регулира материјата во врска со документацијата која е предмет на оценка согласно со членот 3 став (1) од овој правилник, треба да се приложи соодветен документ или правно мислење од адвокат, со кој ќе може да се потврди разликата во регулативата, односно ќе се обезбеди друг релевантен документ со кој би се потврдило исполнувањето на предвидената законска обврска.

(6) Покрај доставените документи и податоци од членот 4 став (3), Агенцијата може да побара од Надзорниот одбор односно Одборот на директори на друштвото за осигурување да достави дополнителни документи, податоци и информации за кандидатот за член односно за членот на надзорен орган на друштвото како и да се обрати до соодветен надлежен орган во земјата или странство заради оцена на исполнувањето на условите на кандидатот за член односно членот на надзорен орган.

IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 01-384/1 | Совет на експерти |
| 22 април 2024 година | Претседател, |
| Скопје | **Крсте Шајноски,** с.р. |

___

Në bazë të nenit 158-g paragrafi (1) dhe në lidhje me nenin 28 të Ligjit për Mbikëqyrje të Sigurimeve (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 88 /05, 79/07, 08/08, 88/08, 56/09, 67/10, 44/11, 88/13, 43/14, 12/14, 153/15, 192/15, 23/16, 83/2018 198/18 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr.101/19, 31/20 dhe 173/2022), Këshilli i Ekspertëve të Agjencisë të Mbikëqyrjes të Sigurimeve në seancën e mbajtur me 22.04.2024. solli

**R R E G U L L O R E**
**PËR MËNYRËN DHE PROCEDURËN E ZBATIMIT TË VLERËSIMIT TË PËRSHTATSHMËRISË SË ANËTARIT TË ORGANIT MBIKËQYRËS TË SHOQËRISË SË SIGURIMEVE DHE RAPORTIMIT NË AGJENCINË E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE**

I. DISPOZITA TË PËRGJITHSHME

Neni 1

Kjo rregullore përcakton mënyrën dhe procedurën për kryerjen e vlerësimit të përshtatshmërisë së anëtarit të Bordit Mbikëqyrës dhe Anëtarit Joekzekutiv të Bordit të Drejtorëve (në tekstin që vijon: anëtar i autoritetit mbikëqyrës) të shoqërisë së sigurimeve në aspekt të përmbushjes së kushteve për ushtrimin e funksionit anëtar i organit mbikëqyrës të shoqërisë së sigurimeve të përcaktuara me Ligjin për Mbikëqyrjen e Sigurimeve, Ligjin për Shoqëritë Tregtare, këtë rregullore dhe rregulloret e tjera si dhe mënyrën dhe procedurën e raportimit për vlerësimin e bërë dhe përzgjedhjen e një anëtari të organit mbikëqyrës në Agjencinë e Mbikëqyrjes së Sigurimeve (në tekstin që vijon Agjencia).

II.POLITIKA E PËRZGJEDHJES DHE VLERËSIMIT TË PËRSHTATSHMËRISË SË ANËTARIT TË ORGANIT MBIKËQYRËS TË NJË SHOQËRIE SIGURIMESH

Neni 2

(1) Shoqëria e sigurimeve është e detyruar të miratojë dhe zbatojë politikë për përzgjedhjen dhe vlerësimin e përshtatshmërisë së anëtarit të organit mbikëqyrës të shoqërisë së sigurimeve nga aspekti i përmbushjes së kushteve për ushtrimin e funksionit të anëtarit të organit mbikëqyrës në shoqërinë e sigurimeve të përcaktuar me Ligjin për Mbikëqyrjen e Sigurimeve , Ligjin për Shoqëritë Tregtare, me këtë rregullore dhe me rregullore të tjera.

(2) Politika e përzgjedhjes dhe e vlerësimit nga paragrafi (1) i këtij neni parashikon në mënyrë të detajuar:

1. kushtet për ushtrimin e funksionit të anëtarit të organit mbikëqyrës në shoqërinë e sigurimeve, duke përfshirë kompetencën e anëtarëve, kualifikimet e tyre profesionale, njohuritë dhe përvojën e përcaktuar me Ligjin për Mbikëqyrje të Sigurimeve, me Ligjin për Shoqëritë Tregtare, me këtë rregullore dhe me rregullore të tjera, duke pasur parasysh se autoriteti mbikëqyrës i shoqërisë zotëron përkatësisht kualifikimet, njohuritë dhe përvojën e duhur lidhur me:

- tregjet e sigurimeve dhe tregjet financiare;
- strategjinë e biznesit dhe modelet e biznesit;
- sistemin e menaxhimit;
- analizën financiare dhe aktuariale;
- kuadrin rregullator dhe kërkesat rregullatore.

2. kushtet për përzgjedhjen, përkatësisht

emërimin e një anëtari të pavarur të autoritetit apo organit mbikëqyrës, si dhe procedurën për garantimin e përmbushjes së kushtit që të paktën 1/3 e anëtarëve të autoritetit mbikëqyrës të jenë anëtarë të pavarur të organit mbikëqyrës;

3. situatat dhe rrethanat që janë ose mund të përfaqësojnë konflikt interesi, masat për të mënjanuar konfliktin e interesit si dhe masat për të menaxhuar dhe reduktuar konflikt të mundshëm interesi, duke përfshirë edhe identifikimin e transaksioneve në bazë të së cilave anëtari i autoriteti mbikëqyrës ose personat e lidhur me të, drejtpërdrejt apo indirekt, kanë fituar aksione tek një person juridik, në bazë të të cilave pjesëmarrja e anëtarit të organit mbikëqyrës së bashku me të personat e tij të afërt e ka tejkaluar nivelin e pjesëmarrjes së kualifikuar në atë person juridik si edhe në rastin kur pjesëmarrja e tij është ulur nën nivelin e pjesëmarrjes së kualifikuar tek ky person juridik;

4. planet, politikat dhe procedurat e shoqërisë së sigurimeve për procedurim në rast të mungesës ose largimit të papritur respektivisht ndërprerjes së funksionit të anëtarit të një autoriteti mbikëqyrës;

5. personin, përkatësisht njësinë organizative në shoqërinë e sigurimeve që është përgjegjëse për kryerjen e vlerësimit të plotësimit të kushteve për kryerjen e funksionit të anëtarit të organit mbikëqyrës në shoqërinë e sigurimit;

6. procedurën për vlerësimin e përmbushjes së kushteve për ushtrimin e funksionit të anëtarit të organit mbikëqyrës në shoqërinë e sigurimeve, duke përfshirë afatet për dorëzimin e dokumentacionit, afatet dhe metodat për kryerjen e procedurës së vlerësimit dhe raportimin për rezultatet e vlerësimit të bërë;

7. informacionin dhe dokumentacionin që kandidati për anëtar të organit mbikëqyrës në shoqërinë e sigurimeve duhet të dorëzojë pranë shoqërisë së sigurimeve për kryerjen e vlerësimit të plotësimit të kushteve për ushtrimin e funksionit të anëtarit të organit mbikëqyrës në shoqërinë e sigurimeve ;

8. informacionin dhe dokumentacionin që anëtari i organit mbikëqyrës duhet t'i paraqesë shoqërisë së sigurimeve gjatë ushtrimit të detyrës me qëllim të vlerësimit të përmbushjes së kushteve për ushtrimin e pozitës së anëtarit të organit mbikëqyrës në shoqërinë e sigurimeve;

9. situatat dhe rrethanat që paraqesin bazë për kryerjen e një vlerësimi të jashtëzakonshëm të plotësimit të kushteve për kryerjen e funksionit të anëtarit të autoritetit mbikëqyrës;

10. formën dhe mënyrën e mbajtjes/ruajtjes së dokumentacionit për vlerësimin e kryer;

11. mënyrën dhe afatin për njoftimin e Agjencisë.

(3) Shoqëria e Sigurimeve, është i obliguar t'ia dorëzojë Agjencisë politikën për përzgjedhje dhe vlerësimin nga paragrafi (1) i këtij neni, si në rast të miratimit ashtu edhe në rast të ndryshimit të saj, në afat prej 5 ditësh nga dita e miratimit respektivisht ndryshimit.

## III. PROCEDURA E VLERËSIMIT TË PËRSHTATSHMËRISË SË KANDIDATIT PËR ANËTAR DHE ANËTARIT TË ORGANIT MBIKËQYRËS

### Neni 3

(1) Shoqëria e Sigurimeve, është e detyruar të kryejë procedurë vlerësimi të plotësimit të kushteve për ushtrimin e funksionit të anëtarit të organit mbikëqyrës në shoqërinë e sigurimeve të përcaktuara me politikën e përzgjedhjes dhe politikën e vlerësimit nga neni 2 paragrafi (1) i kësaj rregulloreje dhe aktet e tjera të brendshme të shoqërisë, Ligjit për mbikëqyrje të sigurimeve , Ligjit për Shoqëritë Tregtare, kësaj rregulloreje dhe rregulloreve të tjera.

(2) Vlerësimi nga paragrafi (1) i këtij neni bëhet:

1. para çdo përzgjedhjeje ose emërimi të një anëtari të ri të autoritetit apo organit mbikëqyrës;

2. para rizgjedhjes ose emërimit të një anëtari ekzistues të autoritetit mbikëqyrës;

3. në vlerësimin e rregullt vjetor;

4. në vlerësimin e jashtëzakonshëm sa herë që krijohen rrethana që vënë në dyshim plotësimin e kushteve për ushtrimin e funksionit të anëtarit të autoritetit mbikëqyrës në shoqërinë e sigurimeve.

**Vlerësimi i përshtatshmërisë së një anëtari të organit mbikëqyrës para marrjes së vendimit për përzgjedhjen ose emërimin e anëtarit të autoritetit mbikëqyrës**

### Neni 4

(1) Shoqëria e sigurimeve është e detyruar që para se të marrë vendim për përzgjedhjen ose emërimin e një anëtari të organit mbikëqyrës të shoqërisë së sigurimeve nga asambleja e aksionarëve të shoqërisë, të zbatojë një procedurë për vlerësimin e përshtatshmërisë së kandidatit të propozuar si anëtar i autoritetit mbikëqyrës nga pikëpamja e plotësimit të kushteve për ushtrimin e funksionit të anëtarit të autoritetit mbikëqyrës në shoqërinë e sigurimeve të përcaktuara nga politika e përzgjedhjes dhe e vlerësimit nga neni 2 paragrafi (1) i kësaj rregulloreje dhe aktet e tjera të brendshme të shoqërisë, Ligjit për Mbikëqyrjen e Sigurimeve, Ligjit për Shoqëritë Tregtare, kësaj rregulloreje dhe rregulloreve të tjera, për secilin kandidat për anëtar të autoritetit mbikëqyrës individualisht.

(2) Shoqëria e Sigurimeve, është i obliguar që gjatë zbatimit të vlerësimit nga paragafi (1) të këtij neni të përgatisë, sigurojë he të marrë paras minimalisht dokumentacionin në vijim:

1. propozim-vendimin e Asamblesë së Aksionerëve të shoqërisë së sigurimeve për përzgjedhjen ose emërimin e anëtarit të propozuar të organit mbikëqyrës;

2. të dhënat (emri dhe mbiemri, vendi dhe data e lindjes, adresa e banimit, numri i amzës dhe numri i kartës së identitetit) të anëtarit të propozuar të autoritetit mbikëqyrës, të marra nga karta e identitetit, respektivisht kopje e pasaportës së anëtarit të propozuar në autoritetin mbikëqyrës (për person fizik të huaj) si dhe të dhënat e kontaktit për personin (numrin e telefonit dhe adresën e e-mailit);

3. biografi të shkurtër për personin (sv)

4. deklaratë të noterizuar të personit të propozuar për anëtar të organit mbikëqyrës, se nuk është anëtar i organit drejtues, organit mbikëqyrës ose prokurist në një shoqëri të sigurimeve apo në një institucion tjetër financiar me seli në Republikën e Maqedonisë së Veriut;

5. vërtetim/Informacion nga Regjistri Qendror i Republikës së Maqedonisë së Veriut se ku personi i propozuar për anëtar të organit mbikëqyrës është anëtar i organit drejtues, organit mbikëqyrës, prokurorist apo person me të drejta dhe përgjegjësi të veçanta, në persona të tjerë juridikë me seli në Republikën e Maqedonisë së Veriut;

6. vërtetim nga Regjistri Qendror i Republikës së Maqedonisë së Veriut se ndaj personit nuk është shqiptuar sanksion kundravajtës apo dënim për ndalesë të ushtrimit të profesionit, veprimtarisë ose detyrës nga fusha e sigurimeve dhe financave;

7. vërtetim nga evidenca penale (dëshmi penaliteti) nga gjykata kompetente, se personi fizik nuk është dënuar me aktgjykim të formës së prerë me burgim të pakushtëzuar mbi gjashtë muaj për krime kundër pronës, krimeve kundër financave publike, transaksioneve të pagesave dhe ekonomisë; krime kundër detyrës zyrtare, si dhe vepra penale të falsifikimit të dokumentave, falsifikim kompjuterik, përdorim të dokumentit me përmbajtje të rreme dhe kopjimit nga Kodi Penal, për aq kohë sa zgjasin pasojat juridike të aktgjykimit;

8. deklaratë e personit të propozuar për anëtar të bordit mbikëqyrës, se nuk ka kryer funksionin e personit me të drejta dhe përgjegjësi të veçanta në një shoqëri sigurimesh ose në një person tjetër juridik për të cilin është vendosur një procedurë e veçantë administrative ose mbi të cilin është është hapur procedura e falimentimit apo likuidimit;

9. deklaratë e noterizuar e personit të propozuar si anëtar i autoritetit mbikëqyrës, se personi nuk është i lidhur me një person juridik, në të cilin shoqëria e sigurimit zotëron drejtpërdrejt ose tërthorazi më shumë se 10% të kapitalit ose të të drejtave të votës në atë person juridik;

10. vërtetim nga Depozita Qendrore e Letrave me Vlerë të Republikës së Maqedonisë së Veriut, se ku, personi i propozuar për anëtar të organit mbikëqyrës posedon aksione në persona të tjerë juridikë;

11. Informacion nga Regjistri Qendror i Republikës së Maqedonisë së Veriut se ku personi i propozuar për anëtar të organit mbikëqyrës posedon aksione në persona të tjerë juridikë;

12. deklaratë e personit të propozuar për anëtar të organit mbikëqyrës se nuk ka punuar në kundërshtim me dispozitat e Ligjit për parandalimin e pastrimit të parave dhe të ardhurave të tjera nga ndonjë vepër penale dhe financimit të terrorizmit;

13. kopje të aktit, nëse është nxjerrë një akt i tillë, të një organi kompetent për mbikëqyrjen e shoqërive të sigurimeve, bankave ose institucioneve të tjera jobankare, me të cilin personi i propozuar për anëtar të autoritetit mbikëqyrës, i është dhënë dakordimi të jetë anëtar i një autoriteti të një shoqërie sigurimesh, banke ose institucioni tjetër financiar jobankar. Në rast se autoriteti mbikëqyrës i huaj kompetent nuk jep pëlqimin formal, kjo rrethanë duhet të citohet në kërkesë;

14. deklaratë e noterizuar e personit që është propozuar si anëtar i pavarur i organit mbikëqyrës të shoqërisë së sigurimeve, se personi, përkatësisht anëtari i familjes së tij më të ngushtë:

(1) në pesë vitet e fundit nuk ka pasur interes material ose marrëdhënie biznesi me shoqërinë, drejtpërdrejt, si ortak afarist, si anëtar i një organi drejtues, i organit mbikëqyrës ose si person drejtues

(2) nuk ka lidhje të ngushta familjare me asnjë nga anëtarët e organeve drejtuese, organit mbikëqyrës ose personave drejtues të shoqërisë dhe

(3) nuk është aksionar që zotëron më shumë se një të dhjetën e aksioneve të shoqërisë ose nuk përfaqëson një aksionar që zotëron më shumë se një të dhjetën e aksioneve të shoqërisë;

15. vërtetim nga shoqëria e sigurimeve se personi që është propozuar anëtar i pavarur i autoritetit mbikëqyrës dhe personat fizikë të lidhur me të:

- nuk janë punonjës të Shoqërisë;
- në pesë vitet e fundit para datës së paraqitjes së kërkesës, ata nuk kanë pasur asnjë interes material ose marrëdhënie biznesi me shoqërinë, drejtpërdrejt, si partner biznesi, si anëtar i një organi drejtues, organi mbikëqyrës ose si drejtues.
- nuk janë aksionarë në shoqëri ose nuk përfaqësojnë një aksionar që zotëron më shumë se një të dhjetën e aksioneve të shoqërisë.

3) Për vlerësimin e kryer të përshtatshmërisë së kandidatit të propozuar si anëtar i autoritetit mbikëqyrës, shoqëria e sigurimeve është e detyruar të përgatisë një përmbledhje të vlerësimit të kryer me opinionin nëse kandidati i plotëson kërkesat për anëtar të autoritetit mbikëqyrës, të përcaktuara me politikën e përzgjedhjes dhe vlerësimit nga neni 2 paragrafi (1) nga kjo rregullore dhe aktet e tjera të brendshme të shoqërisë, Ligji për Mbikëqyrjen e Sigurimeve, Ligjit për Shoqëritë Tregtare, kësaj rregulloreje dhe rregulloreve të tjera.

(4) Shoqëria e sigurimit është e obliguar që ta informojë Agjencinë për vlerësimin e përshtatshmërisë së kandidatit të propozuar për anëtar të organit mbikëqyrës të shoqërisë brenda 5 ditëve para datës së mbajtjes së asamblesë së aksionarëve të shoqërisë në të cilën do të vendoset përzgjedhja, gjegjësisht emërimi i anëtarit të këshillit mbikëqyrës.

(5) Me njoftimin nga paragrafi (3) i këtij neni, shoqëria e sigurimit është e obliguar që Agjencisë t'i dorëzojë dokumentacionin nga paragrafi (2) dhe përmbledhjen nga paragrafi (3) i këtij neni.

**Vlerësimi i rregullt (në vazhdimësi) i përmbushjes së kushteve për ushtrimin e funksionit të anëtarit të një organi mbikëqyrës**

Neni 5

(1)Shoqëria e sigurimeve është e detyruar të sigurojë që anëtarët e organit mbikëqyrës të shoqërisë së sigurimeve në vazhdimësi i plotësojnë kushtet për ushtrimin e funksionit të anëtarit të organit mbikëqyrës në shoqërinë e sigurimeve të përcaktuara me politikën e përzgjedhjes dhe vlerësimit nga neni 2 paragrafi (1) i kësaj rregulloreje dhe akteve të tjera të brendshme të shoqërisë, Ligjit për Mbikëqyrjen e Sigurimeve, Ligjit për Shoqëritë Tregtare, kësaj rregulloreje dhe rregulloreve tjera.

(2) Shoqëria së Sigurimeve, është e detyruar minimum një herë në vit, brenda periudhës deri më 30 janar të vitit aktual, të kryejë procedurë të vlerësimit të rregullt vjetor të përshtatshmërisë së anëtarëve të autoriteti mbikëqyrës në lidhje me përmbushjen e kushteve për ushtrimin e pozitës së anëtarit të autoritetit mbikëqyrës, me qëllim që të përcaktojë nëse anëtarët e autoritetit mbikëqyrës i plotësojnë në vazhdimësi kushtet për ushtrimin e pozitës së anëtarit të autoritetit mbikëqyrës në shoqërinë e sigurimeve, të përcaktuar me politikën e përzgjedhjes dhe vlerësimit nga neni 2 paragrafi (1) të kësaj rregulloreje dhe

3me aktet e tjera të brendshme të shoqërisë, Ligjit për Mbikëqyrjen e Sigurimeve, Ligjit për Shoqëritë Tregtare, kësaj rregulloreje dhe rregulloreve të tjera, për secilin kandidat për anëtar të organit mbikëqyrës, individualisht.

(3) Shoqëria e sigurimeve është e detyruar që gjatë bërjes së vlerësimit nga paragrafi (1)i këtij neni të përgatisë, sigurojë dhe të marrë parasysh minimalisht dokumentacionin e parashikuar në nenin 4 paragrafi (2), pikat 6, 7 dhe 9 të kësaj rregulloreje.

(4) Për vlerësimin e kryer të përshtatshmërisë së anëtarit të organit mbikëqyrës, shoqëria e sigurimeve është e detyruar të përgatisë një përmbledhje të vlerësimit të kryer me mendimin se a i plotëson në vazhdimësi kushtet për anëtar të autoritetit mbikëqyrës të përcaktuara me politikën e përzgjedhjes dhe vlerësimit nga neni 2 paragrafi (1) i kësaj rregulloreje dhe akteve të tjera të brendshme të shoqërisë, Ligjit për Mbikëqyrjen e Sigurimeve, Ligjit për Shoqëritë Tregtare, kësaj rregulloreje dhe rregulloreve të tjera.

(2) Shoqëria e sigurimeve, është e obliguar që ta njoftojë Agjencinë për vlerësimin e kryer të rregullt vjetor për përshtatshmërinë e anëtarit të organit mbikëqyrës për përmbushjen e kushteve për ushtrimin e funksionit të një anëtari të autoritetit mbikëqyrës, brenda periudhës prej 5 ditë pune dhe bashkangjitur me njoftimin duhet të parashtrojë dokumentacionin e parashikuar në paragrafin (3) të këtij neni dhe rezyme të paragrafit (4) të këtij neni.

**Vlerësimi i jashtëzakonshëm i përmbushjes së kushteve për ushtrimin e funksionit të anëtarit të organit mbikëqyrës**

Neni 6

(1) Shoqëria e sigurimeve, është e detyruar që menjëherë, pa vonesë, të zbatojë procedurën e vlerësimit të jashtëzakonshëm të përshtatshmërisë për përmbushjen e kushteve për ushtrimin e funksionit anëtar të organit mbikëqyrës në rast të shfaqjes së rrethanave që vënë në pikëpyetje plotësimin e kushteve për ushtrimin e funksionit të anëtarit të organit mbikëqyrës në shoqërinë e sigurimeve të përcaktuara nga politika e përzgjedhjes dhe e vlerësimit nga neni 2 paragrafi (1) i kësaj rregulloreje dhe akteve të tjera të brendshme të shoqërisë, Ligjit për Mbikëqyrjen e Sigurimeve, Ligjit për Shoqëritë Tregtare, kësaj rregulloreje dhe rregulloreve të tjera, duke përfshirë edhe rastet kur anëtari i organit mbikëqyrës ka konflikt interesi që nuk mund të menaxhohet, si dhe në rastet kur ndryshon fushëveprimi i detyrave dhe/ose kompetencave që i ngarkohen.

(2) Shoqëria e sigurimeve, është i obliguar ta njoftojë Agjencinë për vlerësimin e jashtëzakonshëm të kryer për përshtatshmërinë e anëtarit të autoritetit mbikëqyrës për përmbushjen e kushteve për ushtrimin e funksionit anëtar të organit mbikëqyrës, për një periudhë prej 5 ditë pune nga dita e vlerësimit, ku njoftimi do të përfshijë një përmbledhje të vlerësimit me një mendim për përshtatshmërinë e kandidatit për përmbushjen e kërkesave për një anëtar të autoritetit mbikëqyrës, i parashikuar në Ligjin për Mbikëqyrjen e Sigurimeve .

**Dokumentacioni**

Neni 7

1) Vërtetimet që janë pjesë e dokumentacionit që janë objekt i vlerësimit në përputhje me nenin 3 paragrafi (1) të kësaj rregulloreje duhet të jenë në origjinal ose kopje të vërtetuara nga personi i autorizuar (noteri), të nënshkruara nga personi i autorizuar ose nga organi përatës kompetent, pa korrigjime shtesë dhe në gjuhën maqedonase. Nëse vërtetimi që do të dorëzohet është në gjuhë tjetër, së bashku me origjinalin, duhet të dorëzohet përkthimi në gjuhën maqedonase, i përkthyer nga përkthyes i autorizuar dhe i noterizuar nga noteri.

(2) Deklaratat që janë pjesë e dokumentacionit që është objekt i vlerësimit në pajtim me nenin 3 paragrafi (1) të kësaj rregulloreje duhet të vërtetohen nga personi i autorizuar (noteri).

(3) Vërtetimet dhe deklaratat nga paragrafi (1) dhe (2) i këtij neni nuk duhet të jenë më të vjetra se tre (3) muaj para ditës së vlerësimit.

(4) Nëse personi i cili është subjekt i vlerësimit është person i huaj, vërtetimet që janë pjesë e dokumentacionit që është objekt i vlerësimit në pajtim me nenin 3 paragrafi (1) të kësaj rregulloreje, përveç autoriteteve dhe institucioneve nga Republika e Maqedonisë së Veriut, merren edhe nga organet dhe institucionet përkatëse nga vendi nga i cili vjen i huaji.

(5) Nëse legjislacioni i vendit nga i cili vjen personi i huaj e rregullon ndryshe çështjen në lidhje me dokumentacionin që i nënshtrohet vlerësimit në pajtim me nenin 3 paragrafi (1) të kësaj rregulloreje, duhet të bashkangjitet dokumenti përkatës ose mendimi juridik i dhënë nga një avokat me të cilin do të mund të konfirmohet dallimi në rregullativë, përkatësisht do të sigurohet një dokument tjetër përkatës që do të vërtetonte përmbushjen e detyrimit të paraparë ligjor.

(6) Përveç dokumenteve të dorëzuara dhe të dhënave nga neni 4 paragrafi (3), Agjencia mund të kërkojë nga Bordi Mbikëqyrës, përkatësisht Bordi i Drejtorëve të shoqërisë të sigurimeve, të dorëzojë dokumente, të dhëna dhe informata shtesë për kandidatin për anëtar, respektivisht për anëtarin e autoritetit mbikëqyrës të shoqërisë si dhe t'i drejtohet autoritetit përkatës kompetent në vend ose jashtë vendit për vlerësimin e plotësimit të kushteve të kandidatit për anëtarësim, pra anëtarit të autoritetit apo organit mbikëqyrës.

IV. DISPOZITA PËRFUNDIMTARE

Neni 8

Kjo rregullore hyn në fuqi një ditë pas shpalljes në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut”.

| | |
|---|---|
| Nr. 01-384/1 | Këshilli i Ekspertëve |
| 22.4.2024 | Kryetar, |
| Shkup | **Крсте Шајноски,** d.v. |

**1881.**

Врз основа на член 158-ѕ точка 1) и член 66 став (2), и а во врска со член 23 и 24 од Законот за супервизија на осигурување од Законот за супервизија на осигурување (“Службен весник на Република Македонија” бр.27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 188/2013, 112/2014, 153/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и 198/2018 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.101/2019, 31/2020 и 173/2022), Советот на Експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на седница одржана на ден 22.4.2024 година донесе:

**П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ, ПОСТАПКАТА И ДОКУМЕНТАЦИЈАТА ПОТРЕБНА ЗА ДОБИВАЊЕ СОГЛАСНОСТИ**

Член 1

Во Правилникот за начинот, постапката и документацијата потребна за добивање согласности (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр.